РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1208/1
13-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријава со број 12-1211/1 од 03.04.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности при изградба на станбена зграда која се наоѓа на ул. ------ ---------------------- бр.-- извршени од страна на инвеститор и изведувач на градежните работи, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај од причина што предметната постапка за изграба е во тек, а пријавените наводи се однесуваат на повреда на права кои подносителот на пријавата може да ги оствари пред надлежни судски органи.

Предметот со број 12-1211/1 од 03.04.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 03.04.2025 година, до ДКСК доставена е пријава од непознат подносител во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности при изградба на станбена зграда која се наоѓа на ул. ------ ---------------------- бр.--, извршени од страна на инвеститор и изведувач на градежни работи.
Во пријавата се наведува дека за изградба на предметната зграда имало одобрение за градба УП1 бр.--------- од 30.10.2019 година издадено од Градоначалникот на Општина ---------, а од страна на ивеститорот и изведувачот не биле испочитувани временските рокови за завршување на градежните работи на зградата како што биле: приклучок на парно, пристап до подземни гаражи и други работи предвидени

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

со договорите за купопродажба на недвижноста, склучени помеѓу купувачите и инвеститорот. Исто така во пријавата се наведува дека се уште не бил завршен техничкиот прием на зградата.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК се обрати со Барање за доставување на податоци до Општина --Инспекторатот.

Општина ---------Инспекторат достави информација во која се наведува следното: При увид на лице место и увид во достапната документација преку Информациskиот ситем Е-Одобрение за градење, констатирано било дека од страна на инвеститорот не било доставено Известување за извршен технички преглед до Општина ---------, односно не било доставено Барање за ставање во употреба на предметниот објект. Општината информира дека предметниот објект сеуште се гради, а согласно член 68 од Законот за градење, инвеститорот е должен градбите од прва и втора категорија да ги изгради не подолго од 10 години од денот на правосилноста на одобрението за градење.
Општина -------- известува дека општинските градежни инспектори немаат надлежност за постапување по наводите за непочитување на временските рокови за завршување на градежните работи, како и дека подносителот на пријавата треба да се обрати до надлежен суд заради оставрување на неговите права во конкретниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК костатира дека предметната постапка за изграба е во тек, а пријавените наводи се однесуваат на повреда на права кои подносителот на пријавата може да ги оствари пред надлежни судски органи.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК